# УСПЕШНА СОРАБОТКА




Во рамките на превземените активности за поврзување на индустријата со студентите од УКЛО, зборува и ангажманот на 2 студенти од електро-техничкиот отсек на Техничкиот факултет-Битола, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола во ЕВН Македонија кој се реализира преку Центарот за Кариера, Алумни и Доживотно учење - КРЕДО центар при универзитетот.

Имено во месец јули монатата година, 10 електроинженери ја започнаа својата професионална кариера во одделот Електродистрибуција при ЕВН Македонија како дел од програмата „Идната Генерација на ЕВН“.

Програмата е така конципирана да можат студентите да ротираат во повеќе оддели во ЕВН Македонија и да бидат дел од специјализирани обуки со експерти од ЕВН Македонија.

Проектот „Идната генерација на ЕВН“, е продолжение на „Тренис програмата“ преку која од 2007 досега се вработија 172 млади стручни лица, меѓу нив се разбира и студенти кои дипломирале на електро-техничкиот отсек на Техничкиот факултет-Битола, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола.

Сите тие, се идната енергија на ЕВН, па затоа покрај креирањето на специјализираните програми за вработување, ЕВН во соработка со КРЕДО центарот, својата подршка на младите и стручни кадри ја покажува и со

стипендирање на студенти од електро-техничките отсек при Технички факултет-Битола.

Годинава во групата на нововработени се и **Ана Крстевска** и **Милена Стојанова**, стипендисти на ЕВН Македонија, инаку студенти на Техничкиот Факултет во Битола, кои студентските клупи ќе ги заменија со работното биро, и кои велат:

- *Стојанова Милена:*

Уште за време на студиите имав можност да да бидам дел од студентите кои практикантската работа ја извршуваа во ЕВН. Следењето на процесите за работа и директното учество во нив ја создадоа сликата на компанија која е водечка во вовдувањето на иновативности во областа во која делува. Грижата за доверливоста на дистрибутивната мрежа и грижата за корисниците се приоритети во работата, а токму тоа е сфера на мојот интерес и во ЕВН тоа можам најдобро да го научам.

Со работењето во Корисничките енерго центри во група 3 одделот за одржување, најдобро се согледува како се решаваат секојдневните проблеми во мрежата и како се задоволуваат потребите на корисниците. Очекувам , подобро да се запознаам со работата на сите групи и со нивните одговорности и обврски кон компанијата и кон корисниците и во иднина да дадам свој придонес во работата на компанијата.

- на ова се дополнува и студенката *Ана Крстевска* која додава:

За старт на мојата професионална кариера ја избрав ЕВН од две причини: Прво, затоа што е компанија со традиција и една од најуспешните кои делуваат во секторот на енергетиката. Второ, како стипендист и практикант имав прилика да согледам дека ЕВН е компанија која постојано вложува во своите вработени организирајќи бројни обуки, па одлчив дека сакам да станам дел од таа работна околина каде што секогаш има простор за учење на диверзитет од вештини и да се развивам на професионален план.

Пред се`, очекувам дека ќе научам успешно да менаџирам проекти кои подразбираат проектирање на нова мрежа и реконструкција на постоечката, притоа ќе се оспособам за манипулација со моќни софтвери и ќе ги подобрам моите организациски вештини преку координација на проекти.